ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/24
23.01. 2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛЕТАЧКИ ПЕРСОНАЛ И ПАТНИЦИ ПРИ УПРАВУВАЊЕ И ВОЗЕЊЕ НА АВИОНИ И ДРУГИ ВОЗДУШНИ ЛЕТАЛА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на летачки персонал и патници при управување и возење авиони и други воздушни летала од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување на летачки персонал и патници при управување и возење авион и други воздушни летала од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ** (во понатамошен текст: осигурувач).

Договорувач на осигурувањето може да биде секое правно и физичко лице.

Лицата што се осигуруваат по овие Дополнителни услови осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општата работна способност и годините на старост, како и без плаќање на зголемена премија, во смисла на член 9 став (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 2

Осигурувачот е во обврска ако несреќниот случај го снајде осигуреникот при употреба на означениот воздухоплов или при онаа дејност во воздухопловство што во полисата изречно е означена.

Осигурувачот е во обврска само спрема договорениот вид воздухопловна дејност означена во полисата и тоа:

1. професионален летачки персонал, спортски летачи и лица што летаат од случај до случај: за време на летањето, при потребни манипулации пред летањето и по летањето, при влегувањето во воздухопловот и по излегувањето од него, при учество во спасување на воздухопловот и при учество во работа на комисијата за утврдување на причините за воздухопловните несреќи, на пат од зборното работно место (работилница, хангар, управна зграда) директно до местото што е одредено за обавување на должностите наведени во оваа точка и обратно.
2. ученици на моторна пилотажа и воздушно едриличарство при теоретска и практична обука, како и на директен пат од работилницата или училиштето до аеродромот и назад.
3. скокачи со падобран: за време на летањето со воздухопловот од кој имаат намера да искокнуваат, за време на скокањата и при доскокот, за време додека скокачите со падобран се наоѓаат на аеродромот на теоретска или

практична настава по падобранство, на директен пат од борното место до аеродромот и назад.

4. патници: за време возење со воздухопловот, при влегување и излегување од воздухопловот, при спасувањсе за време на присилно спуштање на просторот на аеродромот што е одреден за патници.

Само ако е посебно договорено, осигурувачот е во обврска за несреќните случаи што ќе настанат:

при летање во наптреварувања за постигнување на рекорди и при изведувањето акробации, при опитните летања со воздухоплов од нов тип (прототип) и при опитни летања на нова сериска конструкција.

при скокањата од воздухопловот со падобран, освен ако скокањето е извршено заради спасување живот.

Осигурувачот не е во обврска во никој случај за несреќните случаи што ќе
настанат:

при летањето со воздухопловот кој нема пропишано уверение за пловидбеност

при летање со воздухоплов што било организирано, извршено,

изменето или продолжено без знаење или против волјата на сопственикот на воздухопловот, освен во случаите на виша сила. Од ова

се изземаат патниците и летачкиот персонал на кои не им биле познати овие факти.

## ОСИГУРУВАЊЕ СО И БЕЗ НАЗНАЧУВАЊЕ ИМИЊА И ОСИГУРУВАЊЕ СПОРЕД СЕДИШТЕТО

### Член 3

(1)Ако осигурувањето е договорено со назначување имиња на осигурениците, тоа се однесува на поименично наведените лица во полисата, за договорените осигурени суми и е врзано само за одреден вид на воздухоплов наведен во полисата.

Меѓутоа ако осигурувањето е договорено за определен број пилоти, друг летачки персонал, ученици подобранци или патници без назначување на имињата, а при настанувањето на несреќен случај во воздухопловот се наоѓале повеќе лица од колку што се означени во полисата, осигурената сума што е договорена за одреден осигуреник, се намалува сразмерно со фактичкиот број на лицата што се наоѓале во воздухопловот во времето на настанувањето на несреќниот случај. Осигурувањето е секогаш исклучиво врзано за воздухопловот означен во полисата.

Ако е договорено осигурувањето според седиштата, тоа се однесува:

на секој управувач (пилот) што седи на седиштето определено за управувачот, ако осигурувањето е договорено за управувачот на воздухопловот,

на секој друг летач што седи на седиштето определено за летачи или патници, ако осигурувањето е договорено за летачите кои не се пилоти.

на секој патник кој седи на седиштето определено за патници, ако осигурувањето е договорено за патници.

на секој ученик на пилотажа, што седи на седиштето определено за пилот, летач или патник, ако е договорено осигурување за учениците на моторна пилотажа или безмоторно едриличарство.

Осигурувањето според седиштата е врзано секогаш исклучиво за определено седиште во воздухопловот означен во полисата.

Ако е договорено осигурување според седиштата и ако бројот на седиштата е поголем отколку што е означено во полисата, осигурената сума што е означена во полисата за одделно седиште се намалува во соодност помеѓу фактичкиот број на седиштата во воздухопловот и бројот на седиштата означени во полисата.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

### Член 4

Договорувачот е должен да му ја плаќа договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за сето времетраење на осигурувањето во роковите означени во полисата.

Ако премијата се плаќа во пошта, се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога е уплатена во пошта, ако се плаќа со вирман се смета дека е платена до 24,00 часот оној ден кога е предаден вирманскиот налог во банка. Ако договорувачот не ја плати должната премија која стасала во договорениот рок ниту тоа ќе го направи некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува по истекот на 30 дена, кога на договорувачот на осигурување му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата со тоа што тој рок не може да истече пред да поминат 30 дена од стасаноста на премијата.

Обврската на осигурувачот спрема секој осигуреник поединечно постои и во случај кога договорувачот не ја уплатил премијата во рокот означен во полисата, ако осигурениот случај настан за времетраење на осигурувањето во смисла на претходниот став и член 6 и 19 од Општите услови.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ИЛИ ПОСТАРИ ОД 75 ГОДИНИ

### Член 5

Кога лицето кое претрпело несреќен случај е помладо од 14 години осигурувачот е во обврска да исплати:

за трошоци за погреб -договорената сума за случај на смрт, на најмногу износот кој како максимален е утврден со Одлука на Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ,**

во случај на краткотрајно нарушување на здравјето, доколку е договорен дневен надомест, наместо дневниот надомест осигурувачот е во обврска да ги исплати фактичките трошоци за лекување, но најмногу 20% од износот на договорената осигурена сума за потполн инвалидитет или ако не е договорена, најмногу 30% од договорената осигурена сума за во случај на смрт.

Кога лицето кое претрпело несреќен случај е постаро од 75 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од износот што инаку требало да го плати.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДИ

### Член 6

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а доколку нивната содржина е во спротивност со содржината на Општите услови важат овие Дополнителни услови.

### Член 7

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Марко Микиќ**